**Обраќање на министерот за одбрана, Владо Мисајловски по повод одбележувањето на Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа**

9 мај 2025 година, Скопје

Почитувани присутни,

Дами и господа,

Местото од кое ви се обраќам денеска има силна симболика.

Тука пред нашите очи ја гледаме жртвата кои наши сограѓани од сите националности, нашите македонски партизани, ја дадоа за нас и нашата иднина.

Тоа се херои кои следејќи ги идеалите на нашите илинденци за слободна Македонија, за достоинство и иднина без тиранија, го положија својот живот за оваа највозвишена цел.

Нивната жртва не е само запишана во историските книги — таа е дел од нашиот идентитет.

Ова место за нас е ништо помалку од свето место зашто тука оддаваме почит на оние кои помогнаа да се стави крај на ужасите од Втората светска војна. Но, тие со својата пожртвуваност имаат придонес и во поставувањето на темелите на една визија за Европа – силна и обединета, во мир и во единство.

Пред осум децении, целиот Европски континент беше бојно поле. Држави и народи беа разорени, разединети, а милиони граѓани страдаа. Но, храброста на сојузниците, вклучувајќи ги и нашите партизани, ја врати надежта и беше зракот светлина во време на мрак.

Но, мирот не беше доволен. Од пепелта на војната се роди идејата за обединета Европа — не како империја, туку како унија на еднакви, каде демократијата, правото и солидарноста ќе нè водат напред. Тоа е идеалот што денес го славиме.

За нас, граѓаните на земја која повеќе од три децении чека да стане дел од европското семејство, овој ден е и потсетник и ветување.

Нѐ потсетува дека слободата не се подразбира, дека правдата, вистината и човековите права не се подарок — тие се и избор и борба. И ни ветува дека сонот за Европа — целосна, слободна и обединета — не е привилегија на историјата, туку одговорност на сегашноста.

Ние не бараме скратени патишта. Бараме фер пристап и можност. Бараме она што е впишано во суштината на Европската Унија да биде единственото мерило за нашата подготвеност да бидеме дел од ова големо семејство.

Во време кога повторно како земји, правиме сѐ за мирот и безбедноста да биде реалност на целиот континент, Европа мора да биде силна — а таа сила како и во почетоците на европската идеја, можеме да ја најдеме во нашето единство, заедничките цели и храброста да стоиме заедно против сите закани.

Да ги почитуваме паднатите така што ќе ја изградиме Европа за која сонуваа — не Европа на поделби, туку Европа на достоинство. Не Европа на страв, туку Европа на слобода.

Нека овие вечни почивалишта не бидат само тивко сведоштво на минатото, туку жив потсетник на иднината што тие ја овозможија. Иднина што ние сме подготвени да ја оствариме — како рамноправна членка на Европската Унија.

Нека им е вечна слава!